**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До: Јавно радиодифузно претпријатие
МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје,
Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2)

За: г. Марјан ЦВЕТКОВСКИ, директор
г-ѓа Миѓена ГОРЕНЦА, одговорна уредничка

Бр. 03-15

Скопје 15.02.2019г.

Предмет: Информација во врска со надзор по претставка


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република
Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk


Почитувани,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на Претставка (наш бр. 03-15 од 08.02.2019 година), изврши надзор врз научно-популарната емисија „Малку повеќе", емитувана на МРТ2 на 4 септември 2018 година во редовниот термин по 20 часот.

Имено, заедно со Претставката беше доставен и исечок со снимка од еден прилог од оваа емисија при што беше наведено дека во него „се објаснува како може да се направи автоматска пушка со помош на 3Д принтер" и беше поставено прашањето дали „ваков тип содржина е во согласност со законите и регулативата" и "кои се можните санкции кои Агенцијата може да ги изрече доколку одлучи дека содржината е неприкладна за емитување".

Со надзорот не беа констатирани прекршувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ниту од аспект на почитување на посебните забрани од член 48 ниту на професионалните начела од член 61.

Извештајот од надзорот е достапен на веб страницата на Агенцијата www.avmu.mk.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ